Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-3380/3
23.09.2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 21 став (1), точка 14 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет, Управниот одбор на Националната установа Национална опера и балет, на 84-та седница одржана на 23.09.2024 година донесе,

## О Д Л У К А

### За категоризација на билетите и ценовник за билетите за програмите на Национална опера и балет

Член 1

Според позицијата на седење во гледалиштето се утврдуваат три зони:

- партер од 1-ви до 5-ти ред – ПАРТЕР билети
- партер од 6-ти до 13-ти ред (и 14-ти ред од галеријата зависно од настанот) - ВИП билети и
- галерија од 15-ти до 26-ти ред - ГАЛЕРИСКИ билети.

Член 2

Според спецификата на програмата што се прикажува се утврдени следниве цени:

**А)** За претставите во рамките на МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ и за традиционалниот концерт по повод празникот Василица, премиера и втора изведба доколку е ден подоцна,

Цена 1: галерија - 1000 денари, партер – 1200 денари, ВИП – 1500 денари

Цена 2: галерија - 1200 денари, партер – 1500 денари, ВИП – 1800 денари

(напомена: одлуката за типот на цена од оваа ставка ја одредува директорот во консултација со секторот за маркетинг непосредно пред објавување на репертоарот и пуштање во продажба на билетите, а во зависност од квалитеот на претставата и нејзината популарност кај публиката)

**Б)** Билети за Гала концерти, концерти за празници, обнова, премиера на балет без оркестар,

Цена: галерија - 800 денари, партер – 1000 денари, ВИП – 1200 денари,

претстави со гостување на ексклузивни - реномирани гости солисти, гостување на оперски и балетски ансамбли и спектакли,

Цена: галерија - 1000 денари, партер – 1200 денари, ВИП – 1500 денари.

**В)** Претстави од редовниот репертоар со поголема сложеност (што подразбира пообемни оперски и балетски претстави со поголем број учесници, редовни гости солисти со оркестар)

Цена 1: галерија - 600 денари, партер – 700 денари, ВИП – 800 денари

Цена 2: галерија - 500 денари, партер – 600 денари, ВИП – 700 денари.

(напомена: одлуката за типот на цена од оваа ставка ја одредува директорот во консултација со секторот за маркетинг непосредно пред објавување на репертоарот и пуштање во продажба на билетите, а во зависност од квалитеот на претставата и нејзината популарност кај публиката)

**Г)** Оперети, опери во еден чин и балетски претстави од редовниот репертоар без оркестар.

Цена: галерија - 500 денари, партер – 600 денари, ВИП – 700 денари.

**Д)** Детски претстави

Премиера и обнова - во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 500 или 400 денари

Редовни претстави - во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 400 или 500 денари

Организирани претстави и генерални проби со публика - во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 300, 250, 200, 150 денари

Ѓ) Мала сцена:

Премиера, обнова и гостување - во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 500 или 400 денари

Редовни претстави - во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 400 или 300 денари

Организирани претстави и генерални проби со публика во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 200 или 150 денари.

Е) Месечен или повеќемесечен попуст за блок билети (абонаменти)

Во зависност од големината на пакетот (абонаментот) за претстави од репертоарот на установата - по сите точки од овој член, кој може да биде за еден или за повеќе месеци, цената на блок билетот може да се утврди со попуст во висина до 20%.

Член 3

Во зависност од комплексноста и квалитетот на претставата, директорот има право да ја зголеми цената на билетите од член 2 на оваа одлука, до 5.000 денари.

Член 4

Во зависност од интересот на публиката или компанијата која сака да изврши организиран откуп на билети директорот има право да одреди цени на билети надвор од пропишаните во член 2 од оваа Одлука.

Член 5

За вработените во Националната опера и балет следува 50% попуст од редовната цена на билетите, со претходно одобрување од директорот. Контингентот со вакво повластување се ограничува во зависност од тековната продажба на билетите.

Член 6

Одобрувањето на гратис билети е дискреционо право на директорот. Контингентот со вакво повластување се ограничува во зависност од тековната продажба на билетите.

Член 7

По оценка на директорот ќе се пуштаат во продажба и повластени билети со намалени цени, а за промотивни цели. Контингентот со вакво повластување се ограничува во зависност од тековната продажба на билетите.

Член 8

Со донесувањето на оваа одлука, престанува да важи одлуката со архивски број 02-3705/4 од 31.10.2023 и 02-1450/3 од 05.04.2024 година.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Националната опера и балет.

Претседател на Управен одбор
Александар Трајковски